**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-2282/95

Скопје, 13 јули 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Седумдесет и шестата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 јули 2020 година**

**„ТОЧКА 2:** Записник од Деведесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 10 јули 2020 година

Владата го разгледа Записникот од Деведесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 10 јули 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Деведесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 10 јули 2020 година.

2. Го прифати предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за непречен транзит на државјани на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина низ територијата на Република Северна Македонија, со задолжително почитување на Протоколот за непречен транзит на државјани на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина низ територијата на Република Северна Македонија од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и Министерство за надворешни работи.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, која е составен дел од точка 3 од Дневниот ред."

**Прилог 1: Записник од ГККШ**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 10 јули 2020 година

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примен / Е pranuar: 10 -07- 2020
44 2282/95

Архивски број: 08-780/95

# ЗАПИСНИК

## од Деведесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 10 јули 2020 година

На 10 јули 2020 година (петок), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Деведесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Петре Шилегов, претседател на Заедницата на единиците на локалната самоупра и градоначалник на Град Скопје и Тоше Зафиров, советник на Претседателот на Република Северна Македонија.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциска врска преку употреба на интернет комуникација, не учествуваа Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

* * *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:**

Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:**

Прашања и предлози

* * *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u>** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализацијата на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Воедно, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше за состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата, како и за тоа дека сите надлежни институции тековно ги следат состојбите низ здравствените установи во Република Северна Македонија и интензивно се следат и епидемиолошките текови и состојби во нашата држава.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, укажа на потребата Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести при Министертсвото за здравство, во соработка со сите надлежни институции интензивно да ја следат состојбата и да преземаат соодветни мерки и активности во подрачјата на општините каде има зголемен број на нови позитивни случаи на Коронавирус (пример: Општина Свети Никола), со цел спречување на ширењето на овој вирус, откривање на контактите помеѓу лицата и слично.

Согласно доставените материјали, информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Согласно заклучокот под реден број 1 од претходниот состанок на Главниот координативен кризен штаб, а во функција на операционализирање на Одлуката за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 181/20), ги прифати Насоките доставени од Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи, односно:**

   1.1. **Во однос на транзит низ територија на Република Северна Македонија на државјани на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина:**

   - **при влез на граничен премин за воздушен сообраќај, од Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле" во Охрид, не е потребно да се приложи медицинска потврда од направен PCR тест, имајќи предвид дека странскиот државјанин транзитира низ територија на Република Северна Македонија, односно потребно е само да потпише изјава и во рок од три часа мора да ја напушти територијата на државата.**

   - **при влез на копнен граничен премин, а со цел излез на граничен премин за воздушен сообраќај, од Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле" во Охрид, потребно е задолжително да се прикаже авионски билет (електорнски билет) и да се потпише изјава за транзит и во рок од три часа мора да ја напушти територијата на државата.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

- За професионалните превозници (возачи), не е потребно приложување на медицинска потврда од направен PCR тест, само со обврска за задолжително почитување на протоколот за вршење на меѓународен превоз.

- За организиран автобуски превоз или меѓународни транзитни редовни линии, дозволен е влез за транзит, при што не е потребно приложување на медицинска потврда од направен PCR тест, а територијата на државата мора да се напушти во рок од пет часа, со потпишување изјава за транзит.

1.2. Државјаните на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина кои имаат регулиран привремен или постојан престој во Република Северна Македонија, при секој влез во државата задолжително да приложат медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест, направен 72 часа пред влез во државата.

1.3. Странските дипломати од земјите наведени во предметната одлука и акредитирани во Република Северна Македонија, како и членови на нивните семејства, при влез во државата не е потребно да приложуваат медицинска потврда од направен PCR тест.

1.4. Државјаните на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина кои имаат претходно закажани здравствени прегледи и лекување во здравствена установа во Република Северна Македонија, може да остварат влез во државата со задолжително приложување на медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест, направен 72 часа пред влез во државата, како и медицинска потврда за закажан лекарски преглед.

**1.5. Државјаните на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина, а кои имаат двојно државјанство, доколку имаат живеалиште во Република Северна Македонија (согласно евиденциите со кои располага Министерството за внатрешни работи, или пак се носители на МКД лична карта), при влез во Република Северна Македонија не е потребно да се приложи медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест.**

**Но, доколку овие странски државјани имаат живеалиште во државата во која го имаат второто државјанство (една од горенаведените држави опфатени во член 1 од Одлуката) при влез во Република Северна Македонија потребно е задолжително да приложат медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест, направен 72 часа пред влез во државата.**

**Носители на патни исправи издадени од Република Северна Македонија кои имаат адреса на живеење во Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина, при влез во Република Северна Македонија задолжително да приложат медицинска потврда со негативен резултат од PCR тест, направен 72 часа пред влез во државата.**

**1.6. Министерството за внатрешни работи по прибавување на пополнетите изјави од државјаните на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина заедно со медицинските потврди од PCR тестовите да ги доставува на проверка и потврдување до определени лица од Министерството за здравство, а Министерството за здравство истите да ги доставува до регионалните Центри за јавно здравје, согласно адресите.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

2. **Согласно претходно наведениот заклучок, Министерството за надворешни работи до Министерството за внатрешни работи да достави Оперативни насоки (работен документ) за непречен транзит низ територијата на Република Северна Македонија на државјани на Република Србија, Република Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина, кои транзитираат со организиран автобуски превоз или меѓународни транзитни редовни линии, како и за влез во државата (транзит) заради напуштање на истата преку граничен премин за воздушен сообраќај од Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид.**

   **Овој оперативен работен документ, Министерството за надворешни работи да го достави до сите дипломатско конзуларни претставништва и соодветно да ја информира јавноста.**

3. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Податоците за констатирани прекршоци за не носење лична заштита на лицето во период од 7.00 часот на 9 јули 2020 година, до 7.00 часот на 10 јули 2020 година, со збирна табела на констатирани прекршоци, доставени од Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.**

4. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај, доставен од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, за 9 јули 2020 година.**

5. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дневниот извештај за извршени надзори, доставен од Државниот инспекторат за труд, за 9 јули 2020 година.**

6. **Го разгледа Известувањето за спроведување на стручен испит за лиценциран застапник, доставено од Царинската управа, под бр.10-036200/20-0002 од 8.07.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатаношно постапување до Генералниот секретаријат на Владата.**

**Воедно, Главниот координативен кризен штаб го разгледа и го прифати Протоколот за одржување на стручен испит за лиценциран застапник, а Царинската управа на Република Северна Македонија да го спроведе и организира стручниот испит согласно предметниот Протокол.**

7. **Главниот координативен кризен штаб се информираше со Дописот за VTC состанок на ниво на политички директори на CEPC-и (Брисел, 8.07.2020), доставен од Постојната мисија на Република Северна Македонија при НАТО Брисел, преку Центарот за управување со кризи.**

* * *

**<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u>** немаше прашања, ниту предлози.

* * *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

* * *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

Влада на Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

**Оливер Спасовски**



Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS